# С О О П Ш Т Е Н И Е
**Ракометната Федерација на Македонија објавува:**

## КОНКУРС

Согласно Член 5 од Пропозициите за младински лиги, за организација на Finale Four финален турнир во младинска машка конкуренција, за клубови од младинска машка лига I и II група за организатор на Finale Four натпревар за 1-во и 2-ро пласирани екипи по групи (екипи кои ќе учествуваат за апсолутен младински првак на Република Македонија) кој треба да се одигра на 06 или 07 мај 2017 год.

Победниците играат за 1-во и 2-ро место, а поразените за 3-то и 4-то место.

Организацијата на финалниот турнир ќе ја добие екипа или Правно лице што ќе понуди најдобри услови.

Минимални услови за добивање на организација се:

- уплата за пехари и медали во РФМ за I-во, II-ро и III-то место, како и пехари за најдобар стрелец, голман и играч, во висина од 18.000,00 ден;
- покривање на трошоци за спортска сала;
- покривање на трошоци за редарска служба;
- покривање на трошоци за медицинско возило и
- покривање на трошоци за ПП бригада

Последните три ставки се ставени согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Понудите се доставуваат директно во Ракометната Федерација на Македонија во писмена форма во затворен плик со назнака (за Конкурс) или на е-маил адреса: mjovceva@macedoniahandball.com.mk Конкурсот трае од 20.04.2017 до 02.05.2017 год. до 11:30ч. (секоја понуда после 11:30ч. нема да биде предмет на разгледување) истиот е објавен и на веб страната на РФМ www.macedoniahandball.com.mk

Состанок со екипите и заинтересираните правни лица за организација на Finale Four финалниот турнир по групи и отворање на понудите, ќе се одржи во просториите на Ракометната Федерација на Македонија на ден 02.05.2017 год. (вторник) со почеток во 11:30ч.

Изготвил:
Координатор за младински лиги
Марија Јовчева

Потврдил:
Комесар за младински натпревари
Јовица Крстаноски